ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
Су.бр.1587/23
21.11.2023 година

Врз основа на чл.20 и чл.25 од Законот за судска служба (Сл.Весник на РМ бр.43/14,98/15,6/16 и 198/18),Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас (Сл.Весник на РМ бр.236/18),чл.23 и чл.20 од Правилникот за систематизација на работни места во Основен суд Кочани СУ-04-46/18 од 24.12.2018 г. и согласноста од Министерството за финансии бр.08-503/5 од 13.11.2023 г. и согласноста од Судски буџетски совет бр.08-503/6 од 21.11.2023 г.,Основен суд Кочани објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр.3/2023

За вработување на 1 (еден) судски службеник на неопределено време за следното работно место:

1.Звање од категорија В,ниво В3:Судски соработник,Работно место:Судски соработник,1 (еден) извршител

I.За пополнување на работното место под точка 1 кандидатите треба да ги исполнува следните посебни услови:
1.Стручни квалификации-најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 Правен факултет и положен правосуден испит;
2.Работно искуство-најмалку 1 година работно искуство во струката.
3.Посебни работни компетенции:Активно познавање на еден од трите најчести користени јазици на Европската унија (англиски,француски и германски) и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

II.Покрај посебните,кандидатите за вработување на работното место наведено под точка 1 треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување во судската служба предвидени во чл.21 од Законот за судска служба и тоа:
-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-активно да го користи Македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена состојба за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или должност.

Нето плата:34.839 денари
Работни часови:40
Работни денови: од понеделник-петок

Пријава за вработување на судски службеник и базата на прашања за полагање на писмениот испит,кандидатите можат да ги симнат од веб-страната на Основен суд Кочани www.oskocani.mk.
Огласот трае 15(петнаесет) дена сметано од денот на објавување на огласот во дневните весници.

Пополнетата пријава во писмена форма и бараните докази кандидатите се должни да ги доставаат преку архива на судот или по пошта на адреса Основен суд Кочани ул.Никола Карев бр.4.

Кон пријавата кандидатите **задолжително ги доставуваат** следните докази во оригинал или заверени кај нотар:

-уверение за државјанство;

-уверение /диплома за завршен степен на образование (последен степен на образование и стекнати дипломи,претходни степени на образование и стекнати дипломи);

-лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место;

-потврда за работно искуство во струката;

-потврда дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или должност;

-диплома,сертификат или уверение за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас,активното познавање на еден од трите најчести користени јазици на Европската унија(англиски,француски и германски) ке го докажуваат со полагање на писмен испит.

Кон пријавата кандидатите можат да ги доставаат следните докази:

-Извод од историјат на вработување,доколку кандидатот бил претходно вработен,издаден од Агенцијата за вработување;

-Препорака од претходните работни места кои содржат контакт податоци од лицето кое го препорачува;

-Потврди за посетувани обуки,стручни сертификати од други стручни квалификации и специјализации,трудови и публикации;

-Потврда за реализиран волонтерски стаж во институциите на јавен сектор,издаде од волонтерскиот регистар на Министерство за труд и социјална политика односно волонтерска книшка издадена од Министерство за труд и социјална политика,а потпишана од раководно лице на институцијата.

Пријавата покрај доказите задолжително треба да содржи:име и презиме на кандидатот,поткрепена со доказ за лична идентификација,живеалиште односно престојувалиште на кандидатот,e-mail адреса и контакт телефон.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите кои се уредно пријавени на огласот и кои ја поминале административната селекција ке се известат за спроведување на испитот кој се состои од стручен дел и дел за проверка на знаењето на еден од трите најчести користени јазици на Европската унија(англиски,француски и германски),а со кандидатите кои го положиле испитот за судски службеници ке се спроведе интервју.

На усменото интервју ке учествуваат најмногу пет пати повеке кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката за селекција за вработување,а кои биле најдобро рангирани на листата.

Времето и датумот на одржување на административната селекција,испитот и интервјуто се објавуваат на интернет страницата на Основен суд Кочани.

Основен суд Кочани,
Претседател на судот
М-р Сузана Милевска